Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
# М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје

## УПИС НА СТУДЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

Во текот на август и септември 2008 година се реализираат два уписни рока на студенти за учебната 2008/2009 година. Во првиот рок на Машинскиот факултет се запишаа 195 студенти на академските студии и 95 на професионалните студии, а во вториот рок 78 на академските студии и 41 на професионалните или севкупно 409 студенти за новата 2008/2009 година.

## ПОЧЕСНИ ДОКТОРИ НА НАУКИ

На 24 септември 2008 година во Ректоратот на УКИМ се одржа церемонија за доделување на почесни докторати на науки.

На иницијатива и по предлог на Машинскиот факултет, за почесни доктори на технички науки на Универзитетот Св.Кирил и Методиј беа промовирани г-динот Џон Берт, претседател на корпорацијата Johnson& Controls и г-динот Џовани Фиори, потпретседател на групацијата Johnson&Controls.

На манифестацијата промоторската реч ја искажаа ректорот на УКИМ, Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски Деканот на Машинскиот факултет, Проф. д-р Милан Ќосевски.

## ПРЕСТОИ НА ПРОФЕСОРИ

Во учебната 2007/2008 година, во тек е реализацијата на осум проекти од CEEPUS програмата (Central European Exchange Program for University Studies) каде координатор од македонска страна е Машинскиот факултет.

Во периодот 22 - 29 септември 2008, во рамки на активностите кои се одвиваат при реализацијата на три CEEPUS проекти, студиски престои и тематски предавања реализираа професорите од Машинскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Словенија: Проф. д-р Франц Чуш, Проф. д-р Борут Бухмајстер, Доц. д-р Урош Зуперл, како и професорите од Универзитетот во Нови Сад, Србија, Вон.проф. д-р Зоран Анишиќ и Асс. м-р Бојан Лалиќ.

## ПОСЕТИ НА КОМПАНИИ

Во периодот јули - септември 2008 година, претставници на повеќе компании потенцијални странски инвеститори, на иницијатива на Кабинетот на Министерот за странски инвестиции при Владата на РМ, го посетија Машинскиот факултет како партнерска институција за спроведување на специјализирани обуки за идните вработени.

Во тој контекст, на МФ престојуваа високи претставници од данската компанија GRUNFOSS, британската компанија GATES, американските компании FLAXCON и HP и германиската компанија ODELO.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

На 17 септември 2008 година, во просториите на МФ се оддржа презентација на резултатите од финалната фаза на пилот проектот „Електронска библиотека”, работен на МФ, а финансиран од Проектот за конкурентност на УСАИД. Резултатите ќе бидат од особен интерес за металопреработувачката индустрија во РМ.

## МАНИФЕСТАЦИЈА ”ИСТРАЖУВАЧКИ НОЌИ”

Во организација на Националната агенција за едукација на РМ, на 26 септември во периодот 19:00 - 23:00, на плоштадот Македонија, ќе се реализира манифестацијата ”ИСТРАЖУВАЧКИ НОЌИ” под покровителство на Европската делегација во Македонија.

На манифестацијата ќе учествува и Машинскиот факултет при што ќе се претстави со избрани нагледни средства од институите на МФ и дела изработени од студентите на МФ.

## СТУДЕНТСКА ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Во периодот 26 септември-4 октомври 2008 година, студентите на насоките МВ, ТМЛ и ИНД ќе реализираат теренска настава при што ке посетат компании во Словенија, Австрија и Германија.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на јули, август и септември 2008 год оства-рија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Предраг Поповски, Проф. д-р Атанаско Тунески, Проф. д-р Добре Рунчев, и Вон.проф. д-р Валентина Гечевска во Виена, Австрија, учество на работен состанок во рамки на DEREC проектот на Техничкиот универ-зитет во Виена
2. Проф. д-р Атанас Кочов во Босна и Херцеговина, Германија и Албанија
3. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ во Хрватска, Словенија и Италија
4. Проф. д-р Алекса Малчески во Шпанија
5. Проф. д-р Зоран Пандилов во Германија
6. Проф. д-р Јован Гочев во Словенија
7. Асс. м-р Даме Димитровски во САД
8. Асс. м-р Емилија Георгиева Целакоска во Србија
9. Проф. д-р Делчо Јованоски во Швајцарија
10. Проф. д-р Ристо Ташевски во Србија
11. Пом. асс. Кристина Јакимовска во Германија
12. Пом. асс. м-р Томов Мите во Србија
13. Доц. д-р Глигорче Вртаноски во Србија
14. Проф. д-р Јасмина Чалоска во Словенија и Србија

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.09.2008**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД РАМАЗАН БАЈРАМ**

**23.10.2008**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД ДЕНОТ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА БОРБА**

**30.10.2008**
**1 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, септември, број 73**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ИЗБОРИ

На седниците на Наставно-научните совети на МФ одржани во јуни и јули 2008 година избран е новиот декан и продекани на Машинскиот факултет во Скопје, за следниот четиригодишен мандатен период започнувајќи од 1 октомври 2008 година.

За Декан е избран Вон. проф. д-р Атанас Кочов, а за продекани: Проф. д-р Добре Рунчев, Доц. д-р Златко Петрески и Доц. д-р Дарко Данев.

***Им пожелуваме успешна работа !***